**РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**
**ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА**

**Број 11-835/1**
**Скопје, 24.11.2005 година**

**ДО**

**ГРАДОНАЧАЛНИКОТ НА ЕДИНИЦАТА НА ЛОКАЛНА САМОУПРАВА „ТОПОЛЧАНИ„**

**КОНЕЧЕН ИЗВЕШТАЈ НА ОВЛАСТЕНИОТ ДРЖАВЕН РЕВИЗОР**

1. Предмет на овој Конечен извештај е извршената ревизија на финансиските извештаи на Буџетот на Општина Тополчани за 2004 година, кои се прикажани на страните од 5 до 7.

2. Ревизијата на финансиските извештаи од точка 1 на овој извештај е извршена согласно член 55 од Законот за буџетите, член 2 став 1 и 2 од Законот за државна ревизија и Годишната програма за работа на Државниот завод за ревизија согласно член 8 од Законот за државна ревизија.

3. Не е вршена ревизија, ниту сме издале било каков извештај, за финансиските извештаи на Буџетот на Општина Тополчани за годината која и претходи на годината која е предмет на оваа ревизија.

4. Финансиските извештаи од точка 1 на овој извештај се одговорност на раководството на субјектот од точка 1 на овој извештај, застапувано од:

- Раде Балабаноски, градоначалник на општина Тополчани, од 01.01.2004 година до 31.12.2004 година.

5. Одговорност на ревизорите е да го издадат овој извештај, прикажан на страните 1 до 4, и да дадат мислење за финансиските извештаи од точка 1, засновано на извршената ревизија.

6. Ревизијата од точка 1 на овој извештај е планирана и извршена во периодот од 13.06. до 17.06.2005 година, од страна на тим на Државниот завод за ревизија во состав:
   - Лилјана Стојанова - Помошник ГДР и овластен државен ревизор;
   - Петре Гаврилов - Виш ревизор;
   - Лила Зафировска - Ревизор;
   - Стојан Николовски- Помлад ревизор.

7. Цел на ревизијата на финансиските извештаи од точка 1 на овој извештај е да овозможи ревизорот да изрази мислење:

- дали финансиските извештаи вистинито и објективно ја искажуваат финансиската положба и резултатот на финансиските активности во

согласност со применетата законска регулатива;
- дали е остварено законско и наменско користење на средствата кои претставуваат државни расходи;

8. Финансиските извештаи кои се предмет на овој извештај се засновани на годишната сметка составена според важечките прописи во Република Македонија со извршени рекласификации поради добивање на појасна слика.

9. Ревизијата е извршена во согласност со стандардите за државна ревизија на Меѓународната организација на Врховни ревизорски институции (ИНТОСАИ) кои се пропишани за примена во Република Македонија при вршењето на државната ревизија. Овие стандарди бараат ревизијата да се планира и подготви, со цел да се добие разумно уверување дека финансиските извештаи се ослободени од значајни погрешни прикажувања. Ревизијата вклучува испитувања на докази, проценување на користени сметководствени принципи, како и на важни проценки направени од страна на раководството на субјектот од точка 1 на овој извештај, давање општа оценка за презентацијата на финансиските извештаи и давање оценка за конкретни финансиски трансакции. Веруваме дека извршената ревизија ни обезбедува разумна основа за изразеното мислење.

10. Со ревизијата на финансиските извештаи за 2004 година, ревизорите на Државниот завод за ревизија го утврдија следното:

**10.1. Неправилна примена на актите**

10.1.1. Годишната сметка на Буџетот на Општина Тополчани за 2004 година не е усвоена од страна на Советот, спротивно на член 27 од Законот за сметководство на буџетите и буџетските корисници, од причина што истата не била поставена на дневен ред на Советот.
Донесениот буџетски документ претставува законска рамка кон која треба да се придржува градоначалникот, и за своите активности редовно да го известува Советот, како и да го почитува Законот и годишната сметка во законски уврдениот рок да ја предложи на Советот на разгледување и усвојување.
**Препорака**
Градоначалникот е должен годишната сметка на Буџетот да ја предложи до Советот во законски утврдениот рок согласно член 27 од Законот за сметководството на буџетите и буџетските корисници, а Советот да ја разгледа и да донесе соодветна Одлука за усвојување или не наведувајќи ги причините.

10.1.2. Статутот на општината бр.07-8/1 од 21.03.2003 год. и Правилникот за систематизација на работните места на општинската администрација во општина Тополчани бр. 08-84/1-4 од 26.6.2003 год. не се усогласени во законски определениот рок од шест месеци (до јуни 2002 год.), согласно член 91 од Законот за локална самоуправа (Сл.в. на РМ бр.5/02). Усогласувањето е направено по истекот на законски утврдениот рок. Неусогласувањето на актите во законски утврдените рокови го нарушува принципот на законско работење на единицата на локалната самоуправа.

10.1.3. Одлуката за утврдување на соодветноста на постојните звања на работните места во општина Тополчани со групите и звањата утврдени во Законот за државни службеници на РМ бр. 08-83-1/4 од 26.06. 2003 год. не е донесена во законски предвидениот рок од три месеци (до април 2002 год.), согласно член 94, став 1 од Законот за локалната самоуправа. Усогласувањето е направено по истекот на законски утврдениот рок. Неусогласувањето допринесува да неможе да се изврши потполнување на оптималните работни места неопходни за извршување на работите и задачите.

**Препорака:**
По овие наоди ревизијата не дава препорака од причини што по законскиот рок е извршено усогласување на актите со постојната законска регулатива.

10.1.4. При пренесување на средствата од Буџетот до Органот на Општина Тополчани, средствата се пренесуваат со еден налог без одредена намена што е спротивно на одредбите од Законот за буџетите, односно не се дотираат средства според трошковни конта, со што се губи можноста за следење на наменското користење на буџетските средства. На крајот на годината врз основа на направените трошоци дотацијата се раскнижува по соодветни трошковни конта. Истото е причина на една усталена пракса која се применува кај некој од единиците на локалната самоуправа.
**Препорака:**
При дотацијата на средствата од сметката на Буџетот до сметката на Органот во секој налог треба да биде наведено точно трошковното конто за кое се дотираат средства, односно намената за која се дотираат средствата согласно планирањата во буџетот.

### 10.2. Неправилности во искажување на расходите/приходите

10.2.1. Потценети се приходите и трошоците за вкупен износ од 5,745 илјади денари и тоа:

- неевидентирани цесии од: Министерството за локална самоуправа на РМ (Биро за стопански недоволно развиени подрачја Скопје), Министерството за транспорт и врски, Фондот за магистрални и регионални патишта Скопје и Фондот за локални патишта РМ за капитални вложувања во вкупен износ 5,121 илјади денари;
- неевидентирана компензација со ЕСМ за износот од 285 илјади денари;
- неевидентирана цесија со Министерството за транспорт и врски на РМ и ситуација од 2003 година од Дација 98-Прилеп за објект изградба на каптажа за локален водовод во с. Марул за износ од 300 илјади денари;
- неевидентирана компензација со Радичоски компани с. Тополчани во износ од 30 илјади денари за издаден деловен простор под закуп, што е спротивно на член 3в од Законот за буџети, и
- неевидентирана компензација со Кјуби за осигурување на имот за износ од 9 илјади денари.

Овие трансакции не се спроведени преку сметката на единицата на локална самоуправа, ниту се евидентирани во сметководствената евиденција на Буџетот на единицата за локална самоуправа Тополчани, поради што се потценети приходите и расходите за наведениот износ.
**Препорака:**

- Сметката на Буџетот треба да се користи како извор за финансирање на потребите на Органот, од каде понатаму треба да се вршат исплати кон добавувачите.
- Да не се користат формите за плаќање како асигнации, компензации и цесии бидејќи создаваат можност за измами, грешки, злоупотреби, корупција и набавки по зголемени цени, како и се нарушува буџетскиот принцип на евидентирање во сметководството.

### 10.3. Ненаменско и незаконско користење на средствата

10.3.1. Направени се расходи пред предходно да се обезбедат средства со буџетот во износ од 1.040 илјади денари и тоа:

- Остварени се расходи на позицијата Патни и дневни трошоци во износ од 38 илјада денари повеќе од планираните со буџетот, и
- Кај позицијата Други оперативни трошоци остварени се расходи во износ од 1.002 илјади денари повеќе од планираните со буџетот.

Без притоа да е изготвен соодветен буџетски документ – ребаланс.

11. Според наше мислење, поради значајноста на прашањата изнесени во точките 10.2. финансиските извештаи не ја прикажуваат вистинито и објективно финансиската состојба на Буџетот на општина Тополчани на ден 31 Декември 2004 година, резултатот од финансиските активности за годината која завршува со тој датум, во согласност со важечката законска регулатива.

12. Според наше мислење поради значајноста на прашањата изнесени во точките 10.2.и 10.3. кај Буџетот на општина Тополчани не е остварено законско и наменско користење на средствата во финансиските трансакции кои претставуваат државни расходи, за 2004 година.

**Скопје, 14. 11.2005 година**

**Овластен државен ревизор**
**Лилјана Стојанова**

**Буџет на ЕЛС Тополчани**
**БИЛАНС НА ПРИХОДИ И РАСХОДИ**

во 000 Ден.

| Опис на позицијата | Образло жение | 2004 | 2003 |
|---|---|---|---|
| **Приходи** | | | |
| Даночни приходи | 3.3. | 1,268 | 1,304 |
| Неданочни приходи | | 0 | 3 |
| Трансфери и донации | 3.4. | 1,644 | 1,648 |
| **Вкупно приходи** | | **2,912** | **2,955** |
| **Тековни расходи** | | | |
| Плати, наемнини и надомести | 3.1.1. | 807 | 1,640 |
| Стоки и услуги | 3.1.2. | 1,450 | 823 |
| Тековни трансфери и субвенции | 3.1.3. | 16 | 80 |
| **Вкупно тековни расходи** | | **2,273** | **2,543** |
| **Капитални расходи** | | | |
| Купување на капитални средства | 3.2.1. | 490 | 356 |
| Капитални трансфери | 3.2.2. | 7 | 0 |
| **Вкупно капитални расходи** | | **497** | **356** |
| **Вкупно расходи** | | **2,770** | **2,899** |
| **Суфицит (вишок) на приходи** | | **142** | **56** |

**Буџет на ЕЛС Тополчани**
**БИЛАНС НА СОСТОЈБА НА ДЕН 31 ДЕКЕМВРИ**

во 000 Ден.

| Опис на позицијата | Образложение | 2004 | 2003 |
|---|---|---|---|
| **Актива** | | | |
| **Тековни средства** | | | |
| Парични средства | 4.1.1. | 142 | 56 |
| Финансиски и пресметковни односи во рамките на буџетот и фондовите | | 0 | 32 |
| **Вкупно тековни средства** | | **142** | **88** |
| **Капитални средства и долгорочни пласмани** | | | |
| Други капитални вложувања | | 0 | 50 |
| **Вкупно капитални средства** | | **0** | **50** |
| **Вкупна актива** | | **142** | **138** |
| **Пасива** | | | |
| **Тековни обврски** | | | |
| Финансиски и пресметковни односи во рамките на буџетите и фондовите | | 0 | 32 |
| Пасивни временски разграничувања | 4.2.1. | 142 | 56 |
| **Вкупно краткорочни обврски** | | **142** | **88** |
| **Извори на капитални средства** | | | |
| Извори на капитални средства | | 0 | 50 |
| **Вкупно извори на капитални средства** | | **0** | **50** |
| **Вкупна пасива** | | **142** | **138** |

**ПРЕГЛЕД**
**НА ПРОМЕНИ НА ИЗВОРИТЕ НА КАПИТАЛНИ СРЕДСТВА ЗА 2004 ГОДИНА**

во 000 Ден.

| О П И С | Државен јавен | Останат | Вкупно |
|---|---|---|---|
| **Состојба на ден 01 Јануари 2004** | **50** | **-** | **50** |
| **Зголемување по основ на:** | **-** | **-** | **-** |
| Набавки | - | - | - |
| Инвестиции во тек-градежни објекти | - | | - |
| Ревалоризација на капитални средства | - | | - |
| **Намалување по основ на:** | **-** | **-** | **-** |
| Отпис на капитални средства | | - | - |
| Ревалоризација на отпишани капитални средства | | | - |
| Амортизација | - | | - |
| Корекции поради грешно евидентирање | (50) | | (50) |
| **Состојба на ден 31. Декември 2004** | **-** | **-** | **-** |

*Ул:"Маршал Тито"бр.12/3*
*Палата Македонија-Скопје;*
*тел: 3211-262; факс: 3126-311*